Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-2-2015

## Резиме

- **БДП** во К-2-2015 во однос на истиот квартал претходната година забележа **реален раст** од 2,6%, со што растот на БДП во првата половина од 2015 година изнесува 2,9%;
- **Бројот на вработени** во К-2-2015 е повисок за 1,8% во однос на истиот квартал претходната година. **Бројот на невработени** се намали за 5,1%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-2-2015 на 26,8%;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2015, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа раст од 0,3% во однос на истиот квартал 2014 година;
- Просечната **бруто плата** во К-2-2015 изнесува 32.213 денари и бележи раст од 3,3% на номинална основа, односно раст од 3% на реална основа, споредено со бруто платата во К-2-2014;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2015 се повисоки за 11,3%, а вкупните **буџетски расходи** за 9,3% споредено со истиот квартал 2014 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2015 се зголеми за 0,8% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-2-2015 бележи раст од 2,7 % на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во јуни 2015 година се намали за 6,5% во однос на март 2015 година, додека вкупниот промет остварен на берзата регистрираше раст од 29,7%;
- Во К-2-2015 е забележан раст на **извозот** од 9% и на **увозот** од 8,2% на годишна основа, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 8,6%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

БДП во К-2-2015 во однос на истиот квартал 2014 година забележа реален раст од 2,6%, со што реалниот раст на БДП во првата половина од 2015 година изнесува 2,9%. Номиналниот раст на БДП во К-2-2015 изнесува 4,8% на годишна основа, а БДП дефлаторот 2,2%.

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-2-2015 растот на економската активност потекнува од градежништвото и услужниот сектор. Градежништвото забележа раст од 6,2%, по растот од 3,1% во претходниот квартал. Растот на услужниот сектор во К-2-2015 изнесува 3,5%. Во рамки на услугите, најголем придонес кон растот на економската активност има секторот Трговија, транспорт и угостителство, каде што е забележан раст од 5,5%, следен од секторите: Финансиски и дејности на осигурување (13,8%), Стручни, научни, технички и административни дејности (12,6%), Информации и комуникации (2,5%) и Дејности во врска со недвижен имот (1,2%), додека пад забележаа секторите Јавна управа и одбрана, образование и здравство (1,8%) и Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (0,6%). Индустријата во К-2-2015 забележа пад од 0,5%, по период на последователен раст во претходните девет квартали, а земјоделството пад од 2,1%.

Растот на **индустријата** во К-2-2015, согласно со месечните податоци за индустриското производство, изнесува 0,2% и се должи на остварените позитивни движења кај: производство на машини и уреди (26,5%), производство на моторни возила (14,3%), производство на основни фармацевтски производи (11,0%), производство на хартија и производи од хартија (10,2%), производство на мебел (10,0%), производство на текстил (9,3%), производство на метали (9,0%), вадење руди на метал (9,0%), производство на електрична опрема (5,3%), производство на прехранбени производи (5,2%), снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (3,6%), производство на пијалаци (2,2%) и останата производствена индустрија (9,4%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 13 гранки, кои сочинуваат 58,4% од индустриското производство.

Пад е остварен кај: производство на кокс и рафинирани нафтени производи (100,0%), производство на тутунски производи (42,1%), поправка и инсталирање

машини и опрема (29,8%), производство на хемикалии и хемиски производи (19,6%), производство на кожа (17,0%), производство на останата опрема за транспорт (16,1%), вадење јаглен и лигнит (15,0%), производство на производи од гума и пластични маси (11,0%), преработка на дрво и производи од дрво и плута (5,0%), производство на фабрикувани метални производи (3,5%), производство на облека (3,4%), вадење други руди и камен (2,9%), печатење и продукција на снимени медиуми (1,9%) и производство на други неметални минерални производи (0,1%).

Анализирано според расходната страна на БДП, во К-2-2015 растот е придвижен од извозот на стоки и услуги, којштo забележа раст од 7,4% на реална основа. Растот на извозот е главно резултат на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на постепено закрепнување на надворешната побарувачка. Увозот на стоки и услуги забележа понизок раст од извозот, кој изнесува 1,6% на реална основа, со што нето извозот има значаен позитивен придонес кон економскиот раст. Растот на финалната потрошувачка во К-2-2015 изнесува 2,7% и се должи на растот и на приватната и на јавната потрошувачка. Приватната потрошувачка забележа реален раст од 2%, како резултат на растот на вработеноста, на платите, како и на поголемиот раст на кредитирањето на населението, а растот на јавната потрошувачка изнесува 5,8% на реална основа. Бруто инвестициите во К-2-2015 забележаа пад од 7,6%.

Графикон 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност;
Извор: ДЗС




Позитивните движења на пазарот на трудот продолжија и во К-2-2015. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 1,8% во однос на истиот квартал претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 5,1%. Бројот на активно население забележа пад од 0,2%. Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-2-2015 да се намали на 26,8%, односно за 1,4 процентни поени (п.п.) споредено со истиот квартал претходната година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,5 п.п.. Стапката на вработеност во К-2-2015 изнесува 41,7% и во однос на истиот квартал претходната година е повисока за 0,6 п.п.. Активното население претставува 57% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,3 п.п. во споредба со истиот квартал претходната година.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Инфлацијата**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2015 забележа раст од 0,3% во однос на истиот квартал 2014 година, по падот од 0,9% забележан во претходниот квартал. Највисок раст на потрошувачките цени во К-2-2015 е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,7%, следен од категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 3,1%, Здравје од 1,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,6%, Ресторани и хотели од 1,0%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,9%, Облека и обувки од 0,4%, Рекреација и култура од 0,2% и Останати стоки и услуги од 0,1%. Пад на цените во К-2-2015 е регистриран во категориите: Транспорт од 7,5% и Комуникации од 4,9%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-2-2015 споредено со истиот квартал 2014 година забележаа намалување од 0,7%, по падот од 2,7% забележан во претходниот квартал. Падот на цените на мало во овој период се должи на намалените цени на стоките и на услугите. Падот на цените во категоријата Стоки изнесува 0,9%, а во категоријата Услуги 0,4% на годишна основа. Притоа, пад на цените од 1,8% има кај индустриските производи, додека цените на земјоделските производи забележаа раст од 7,4%. Намалените цени на индустриските производи се резултат на пониските цени на непрехранбените индустриски производи од 3,3% и на прехранбените индустриски производи од 0,2%. Малопродажната цена на тутунот забележа раст од 6,3%, а на пијалаците 0,6%.

Графикон 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС




Просечната **нето плата**

во К-2-2015 изнесува 21.947 денари и е за 3,1% повисока на номинална основа споредено со нето платата во К-2-2014. На реална основа, нето платата регистрира зголемување од 2,7%. Просечната бруто плата изнесува 32.213 денари и бележи раст од 3,3% на номинална основа, односно раст од 3% на реална основа, споредено со бруто платата во К-2-2014.

Продуктивноста на трудот во К-2-2015 е зголемена за 0,8%, како резултат на повисокиот раст на економската активност од растот на бројот на вработени во економијата, со што продолжува трендот на позитивен раст на продуктивноста.

## 3. Фискален сектор

Во вториот квартал од 2015 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 11,3% во однос на истиот квартал 2014 година, придружено со зголемување на буџетските расходи за 9,3%. Ова придонесе дефицитот на Буџетот во К-2-2015 да изнесува 3.220 милиони денари или 2,3% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 2.622 милиони денари, односно 1,9% од кварталниот БДП).

Вкупните буџетски приходи забележаа учество од 28,8% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 11,3% споредено со истиот квартал 2014 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на даночните приходи за 10,7%, повисокото остварување на неданочните приходи за 9,7% и повисоките придонеси од 9,3%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај акцизите, персоналниот данок и кај данокот на добивка, додека кај приходите од данокот на додадена вредност, од царина и од други даноци беше реализирана пониска наплата.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 45,1% од вкупните даночни приходи и во К-2-2015 се пониски за 2,4% споредено со истиот квартал 2014 година. Сепак, бруто наплатата од ДДВ во овој квартал е повисока за 6,7%, а повратот по основ на ДДВ за 33,5% споредена со К-2-2014.

Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, при што наплатата е зголемена за 6,2%, а ДДВ од прометот во земјата забележа раст од 9,8%. Приходите од акцизи се повисоки за 6,3% споредено со истиот квартал 2014 година. Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 8,0%, додека приходите од данокот на добивка беа зголемени за рекордни 2,3 пати (125,7%) во споредба со истиот квартал претходната година, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси, по месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката.

Гледано од аспект на структурно учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го зголемија своето учество во БДП за 1,5 п.п. (4,9% од кварталниот БДП), додека кај индиректните даноци беше забележано помало остварување на учеството во БДП за 0,6 п.п., односно учество од 11,5% од БДП за вториот квартал.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-2; Извор: МФ




Индиректните даноци во вториот квартал 2015 година се речиси идентични, односно забележуваат намалување од само 0,1% во однос на К-2-2014.

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 9,3%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 9,3%, кај придонесите за здравствено осигурување исто така од 9,3% и кај придонесите за вработување од 8,8%. Неданочните приходи, кои претставуваа 1,9% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани за 9,7% повеќе во однос на истиот квартал 2014 година.

Капиталните приходи во К-2-2015 на годишна основа беа повисоки за 23,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди). Споредено со К-2-2014, приходите по основ на донации се повисоки за 58,4%.

Во К-2-2015 вкупните **буџетски расходи,** со учество од 31,1% во кварталниот БДП, забележаа раст од 9,3% споредено со истиот квартал 2014 година. Тековните расходи, кои претставуваа 28,7% од кварталниот БДП, забележаа учество од 92,0% во вкупните расходи и беа реализирани за 12,2% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 21,0% повеќе, додека кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 6,0% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со речиси 2/3 во вкупните расходи (65,4%), беа реализирани за 13,6% повеќе во споредба со истиот квартал 2014 година. Социјалните трансфери забележаа раст од 5,3% и учествуваа со 47,5% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 2,8% и учествуваат со 28,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи

износува 17,1%, односно забележаа зголемување од 42,4%, споредено со истиот квартал 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 1,5%.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 12,9% споредено со вториот квартал 2014 година. Расходите по камати на домашен долг забележаа намалување од 20,8% во споредба со истиот квартал 2014 година, додека каматите за странскиот долг се зголемени за 4,3%.

Капиталните расходи, кои претставуваа 2,5% од кварталниот БДП, се пониски за 16,3% споредено со истиот квартал 2014 година и остварија учество од 8,0% во вкупните расходи.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2015 изнесуваше 36,1% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,1 п.п. во однос на К-1-2015. Учеството на надворешниот долг во вкупниот долг, во однос на К-1-2015, беше намалено за 0,7 п.п. и изнесуваше 60,4% од вкупниот државен долг. Учеството на внатрешниот долг беше зголемено на 39,6% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.2. Државен долг и негова структура; Извор: МФ




## 4. Монетарно-финансиски движења

Во вториот квартал 2015 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 3,25%, со оглед на отсуство на позначителни промени во амбиентот на спроведување на монетарната политика. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во јуни 2015 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[1] во К-2-2015 регистрираа раст на квартална основа од 1,2% (во претходниот квартал беше регистриран пад од 6,2%), во услови на раст на вкупната ликвидност на банките од 0,3% и раст на готовите пари во оптек од 2,2%. Во однос на К-2-2014 година, примарните пари се зголемија за 5,8% (наспроти растот од 7,1% во

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

К-1-2015), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек од 13,7%, додека вкупната ликвидност на банките регистрираше пад од 1,2%.

Во текот на вториот квартал 2015 година најтесната парична маса **М1** забележа зголемување од 7,1% во однос на К-1-2015. **Монетарниот агрегат М2** забележа раст од 1,3%, додека најширокиот **монетарен агрегат М4** се зголеми за 0,9%.

**Вкупниот депозитен потенцијал**[2] на банките во К-2-2015 се зголеми за 0,8% на квартална основа, во споредба со претходниот квартал кога депозитниот потенцијал се зголеми за 0,4%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 5,0%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,7%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал денарските депозити и девизните депозити се зголемија за 1,3% и 0,1%, соодветно. Степенот на евроизација е намален за 0,3 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно на 41,1%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, во изминатиот период се забележува континуиран раст на учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, меѓутоа во К-2-2015 учеството на долгорочните депозити се намали и достигна 27,3% (во К-1-2015 изнесуваше 27,7%), како резултат на благото намалување на долгорочните депозити од 0,4% споредено со претходниот квартал. Краткорочните депозити, во анализираниот период забележаа пад од 1,9%.

**Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор** во К-2-2015 бележи квартален раст од 2,7% (наспроти растот од 1,1% во претходниот квартал), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 4,2% и раст на кредитите кон приватните претпријатија од 1,7% споредено со претходниот квартал. Од валутен аспект, во К-2-2015 денарските кредити се зголемија за 4,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 2,4% на квартално ниво.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




2 Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2015 во однос на претходниот квартал бележат квартален раст од 3,9%, додека краткорочните кредити останаа непроменети.



Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки во К-2-2015; Извор: НБРМ

Во К-2-2015 **каматната стапка**[3] на денарските кредити изнесува 7,1% и е намалена за 0,2 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2015, исто така, регистрираше намалување од 0,1 п.п. и изнесува 5,9%. Каматните стапки на денарските и девизните депозити во К-2-2015 се намалија за по 0,2 п.п. и изнесуваат 3,0% и 1,3%, соодветно.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2015 изнесува 6,4%, а каматната стапка на новоодобрените девизни кредити 5,4%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,9% и 1,2% соодветно.

На **пазарот на капитал** во К-2-2015 се забележа забрзан раст на вкупниот промет на берзата, односно тој се зголеми за 29,7% во однос на претходниот квартал, што се должи на зголемениот промет од класичното тргување за 39%. Додека, пак, прометот од блок трансакциите се намали за 44,3% на квартално ниво. Во април 2015 година беше регистрирана јавна понуда на берзански аукции во вредност од 9.077.331 денари.



Графикон 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза

Во однос на истиот квартал претходната година, вкупниот промет забележа пад од 39,7%, во услови на намалување на прометот од блок трансакциите за 93,7%,

3 Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени методологијата на пресметување на каматните стапки. Овие промени во статистиката на каматните стапки произлегуваат од целосното приспособување кон европските стандарди.

додека прометот од класичното тргување регистрираше зголемување од 21,0% на годишна основа.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења на крајот на вториот квартал изнесуваше 1.640,85 индексни поени, што претставува пад од 6,5% во однос на март 2015 година, додека во однос на јуни 2014 година индексот е повисок за 0,5%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-2-2015 вкупната надворешно трговска размена со странство изнесува 2.502,7 милиони евра и бележи раст од 8,6% во однос на истиот квартал 2014 година.

Во К-2-2015 **извозот** на стоки изнесува 1023,3 милиони евра и во однос на истиот квартал претходната година забележа раст од 9,0%, а во однос на претходниот квартал раст од 10,0%.

Графикон 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во **извозот** во К-2-2015 во однос на истиот квартал 2014 година се забележуваат кај:

- хемиски производи за 30,9% (хемиски материи и производи се зголеми за 37,0% или 58,3 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 23,7% (во рамки на кои се зголемија категориите: електрични машини, апарати и делови за 35,5% или 24,8 милиони евра и индустриски машини и делови за 18,9% или 16,0 милиони евра);
- производи класирани по материјалот за 5,2% (железо и челик за 2,2% или 3,1 милион евра; изработки од метал за 24,1% или 2,5 милиони евра и обоени метали за речиси двапати или 2,0 милиони евра); и
- суровини освен гориво за 10,5% (метална руда и отпадоци од метал за 16,5% или 6,3 милиони евра).

Од друга страна, пак, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- пијалаци и тутун за 51,7% (тутун и производи од тутун за 66,1% или 26,4 милиони евра);
- разни готови производи за 1,9% (облека за 8,7% или 10,7 милиони евра);
- производи за храна за 7,1% (месо и преработки од месо за 45,7% или 5,4 милиони евра и овошје и зеленчук за 10,5% или 4,4 милиони евра); и
- минерални горива и мазива за 12,6% (нафта и производи од нафта за 38,7% или 5,5 милиони евра).

Во К-2-2015, гледано по **економска намена,** најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (51,1%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (16,8%), производи за инвестиции без транспортна опрема (13,6%), храна и пијалаци (8,7%), транспортна опрема (8,5%) и горива и мазива (1,3%).

**Увозот на стоки** во К-2-2015 изнесува 1.479,4 милиони евра и претставува раст од 8,2% во однос на К-2-2014 година, а во однос на претходниот квартал е забележан раст од 13,1%.

Анализирано **по сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на **увозот** во К-2-2015 во однос на К-2-2014 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 11,0% (при што зголемување има кај категориите: обоени метали за 13,3% или 22,4 милиони евра; изработки од неметални минерали за 30,7% или 15,6 милиони евра и железо и челик за 23,1% или 13,1 милион евра);
- машини и транспортни уреди за 17,1% (машини специјализирани за одредени индустрии за 60,4% или 15,7 милиони евра; електрични машини, апарати и делови за 18,8% или 13,8 милиони евра и друмски возила за 15,0% или 8,2 милиони евра);
- хемиски производи за 17,6% (неоргански хемиски производи за речиси два и пол пати или 11,0 милиони евра и хемиски материи и производи за 36,7% или 8,5 милиони евра);
- производи за храна за 11,4% (овошје и зеленчук за 22,4% или 3,8 милиони евра и млечни производи и јајца за 22,4% или 2,5 милиони евра); и
- пијалаци и тутун за 20,6% (тутун и производи од тутун за 38,7% или 2,4 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- минерални горива и мазива за 16,5% (нафта и производи од нафта за 18,3% или 25,3 милиони евра);

- разни готови производи за 0,1% (професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 24,2% или 3,1 милион евра); и
- суровини освен гориво за 1,1% (метална руда и отпадоци од метал за 6,6% или 2,4 милиони евра).

Гледано по **економска намена,** во К-2-2015 најголемо учество во увозот имаат стоки за индустриски набавки (50,5%), потоа следуваат производи за инвестиции без транспортна опрема (13,2%), горива и мазива (10,5%), храна и пијалаци (10,2%), стоки за широка потрошувачка (9,7%) и транспортна опрема (5,7%).

Надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во К-2-2015 е намалена за 12,7% споредено со К-2-2014, при што учеството на размената со ЕУ во вкупната надворешно-трговска размена се намалило за 2,2 п.п. во однос на вториот квартал 2014 година и изнесува 68,3%. Притоа извозот на стоки учествува со 75,5%, а увозот на стоки со 63,2%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2015

Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Како резултат на структурните промени во размената со странство, во вториот квартал од 2015 година 76,4% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Италија, а остатокот од дефицитот е последица на размената со Турција, Кина, Романија, Австрија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Белгија, Босна и Херцеговина и Шпанија.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во вториот квартал 2015 година на **тековната сметка** на платниот биланс е регистриран дефицит од 84,1 милион евра, што претставува 3,7% од БДП[4] и споредено со истиот квартал 2014 година бележи стеснување за 0,8 п.п..

Анализирано на годишно ниво, салдото на тековната сметка во К-2-2015 е намалено за 13,5%, што се должи на зголемениот суфицит на сметката на Услуги за

[4] Во пресметката е користен БДП за втор квартал за 2015 година, објавен од Државен завод за статистика.

речиси девет пати и стеснувањето на дефицитот на трговската сметка за 0,1%, додека пак во спротивна насока влијае зголемениот дефицит на сметката на примарен доход за 13,1% и намалените приливи на сметката на секундарен доход за 7,4%.




Во К-2-2015 година, во услови на поголемо апсолутно зголемување на извозот од увозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво забележа стеснување за 0,1%, односно за 0,6 милиони евра и изнесува 19,7% од кварталниот БДП.

Во услови на истовремено апсолутно зголемување на извозот на услуги и намалување на увозот на услуги, во К-2-2015 е регистрирано зголемување на салдото на **сметката на услуги** за речиси девет пати на годишно ниво.

**Трговската отвореност** на Република Македонија во К-2-2015 во однос на истиот квартал претходната година е зголемена за 0,6 п.п. и изнесува 113,3% од кварталниот БДП.

Сметката на **примарен доход** во К-2-2015 забележа дефицит од 63,0 милиони евра и забележа продлабочување на годишно ниво за 13,1%, што влијаеше во спротивна насока на движењето на тековната сметка.




Салдото на сметката на **секундарен доход** во К-2-2015 изнесува 363,6 милиони евра, па тој бележи пад на годишно ниво од 8,9%. Падот се должи на намалувањето на доходот од секторот „финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни

институции, коишто им служат на домаќинствата“[5] за 4,2% кој учествува со 97,4% во сметката на секундарниот доход и намалувањето на доходот од секторот Држава за 68,2% кој учествува со 2,6% во сметката на секундарниот доход.

Салдото на **капиталната сметка** во К-2-2015 изнесува 0,7 милиони евра и тоа е намалено за 1 милион евра во однос на К-2-2014, што во најголем дел се должи на намалениот прилив на капитални трансфери.

**Нето-задолжувањето** на земјата во К-2-2015 изнесува 83,4 милиони евра и на годишно ниво е намалено за 12,8%.

**Директните инвестиции** во земјата во К-2-2015 изнесуваат 52,6 милиони евра и на годишно ниво се зголемени за 39,0% (или за 14,8 милиони евра), во најголем дел поради зголемените приливи по основ на сопственички капитал (зголемување за речиси шест пати), како и поради приливите по основ на реинвестирана добивка кои во К-2-2015 изнесуваа 20,4 милиони евра. Во спротивна насока делуваше повеќекратното намалување на приливот на средства од должнички инструменти.

**Девизните резерви** на крајот на вториот квартал 2015 година изнесуваа 2254,8 милиони евра, што претставува раст од 20,4% во однос на истиот квартал 2014 година.

---

[5] Во сметката на Секундарен доход спаѓаат доходите од сектор 1. Држава и доходи од 2. Финансиски претрпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, во кои се вклучени 2.1/Личните трансфери (тековни трансфери помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства) и 2.2/Останати тековни трансфери.